Република Македонија
Општина Новаци
Бр. 07-535/5
18.06.2014 год
Новаци

Врз основа на Програмата за одржување на јавни зелени и јавни прометни површини во општина Новаци за 2014 година во врска со зголемениот обем на работи, Советот на општина Новаци на Седницата одржана на ден 18-06-2014 година го усвојува следниот

**П Р О Е К Т**
**Почиста и поубава општина Новаци Лето-2014**

**ОПИС НА ПРОЕКТОТ**

Поради зголемениот на обемот на работи за одржување на јавните зелени површини и други јавни прометни површини во летниот период, се јавува потреба од ангажирање на дополнителнителен број за извршители, кои ќе се ангажираат за целосно завршување на предвидените работи со Програмата за одржување на јавни зелени и јавни прометни површини во општина Новаци.

**АКТИВНОСТИ**

Поради неможноста во моментот да се ангажира Јавното комунално претпријатие кое е во конституирање, со Проектот опфатени се активности за чистење и одржување на јавните зелени површини и други јавни прометни површини на територијата на општина Новаци. Како приоритетни за чистење се определуват следните певршини;

**А). Јавни зелени површини**
- Паркот во општинскиот двор во Новаци
- Паркот околу општинската зграда во Бач
- Паркот околу општинската зграда во Старавина
- Дворот во ОУ ,,Славко Лумбарковски,, во Новаци
- Дворот во ОУ ,,Славко Лумбарковски,, ПЕ Рибарци
-Дворот во ОУ ,,Славко Лумбарковски,, ПЕ Добромири
-Дворот во ОУ ,,Славко Лумбарковски,, ПЕ Далбеговци
-Дворот во ОУ ,,Славко Лумбарковски,, ПЕ Рапеш
-Дворот во ОУ ,,Славко Лумбарковски,, ПЕ Г.Агларци
-Дворот во ОУ ,,Славко Лумбарковски,, ПЕ Бач
-Дворот во ОУ ,,Славко Лумбарковски,, ПЕ Живојно
-Дворот во ОУ ,,Славко Лумбарковски,, ПЕ Гермијан
- Здравствена амбуланта во Новаци
- Здравствена амбуланта во Бач
- Здравствена амбуланта во Маково
- Здравствена амбуланта во Старавина
- Здравствена амбуланта во Градешница
- Полициска Станица Новаци
- Пошта Новаци и
- Други јавни површини

**Б). ЈАВНИ ПРОМЕТНИ ПОВРШИНИ**

- Тротоарот на дел од Р-1311 што поминува низ с.Новаци
- Автобуските постојки на територијата на општина Новаци
- Заштитните појаси на локалните патишта и улици низ населените места во општината
- Паркиралишта на територијата на општина новаци
- Други јавни простори на територијата на општина Новаци.

**В). ЦЕЛНА ГРУПА**

-20 невработени неквалификувани лица, долгорочно невработени, способни за извршување на потешки физички работи.

**Г), ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД**

2 месеци,Јили-Август 2014 година

**Д). ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ**

Перманентно одржување на јавните зелени површини и други јавни прометни површини во летниот период како и опфаќање на дополнителни зелени и јавни површини се со цел за остварување на основната цел на Проектот-Почиста и поубава општина Новаци-Лето-2014.

**Ѓ). ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

Финасикитте средства за плата и превоз ќе се обезбедат од Буџетот на општина Новаци за 2014 година и тоа; за плата во висина од 6.000,оо денари /во платата пресметано е надоместокот за превоз и храна). Плус осигурување повреда од работа и Персонален данок.

20 X 6.000 X  2 = 120.000,00- за надоместок за ангажирање на работници
50.000, денари за набавка на средства за работа

**Е), ИЗВРШИТЕЛ НА АКТИВНОСТИТЕ;**

Општина Новаци, прку Јавно претпријатие за комунални дејности ,,Комунална хигиена,, Новаци.

**Ж)**.Проектот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо